# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2019

**ЈУЛИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **8**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 работни односи | 1 образование | 0 социјална сигурност |
| 1 здравство | 1 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 0 медиуми | 0 избирачки права | 4 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **21**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 21 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 0 мислења на Народен Правобранител | 0 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ **2**

Активности на здрж. на граѓани **10**

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0% род | 37% родов идентитет | 12% пол | 25% сексуална ориентација |
| 0% етничка припадност | 12% попреченост | 12% корисници на дроги | 12% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 1 |
| индиректна | 1 |
| вознемирување | 6 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД МАЈ 2019

### СЛУЧАЈ:

Хелсиншкиот комитет за човекови права, во текот на месец јули, регистрираше случај пријавен од родител на дете со попреченост, кое посетува редовна настава во основно училиште во општината Илинден.

Имено, станува збор за отворен повик до општините во државата, објавен од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), во соработка со Агенцијата за вработување на Република Северна Ма кедонија, за спроведување на проект за општинско-корисна работа, преку кој ќе се активираат невра ботените лица на пазарот на трудот и ќе се обезбедат социјални услуги за заедницата. Целта на проектот „Ангажирање на образовни и лични асистенти на деца со попреченост вклучени во редовна настава и асистенти на воспитувачи во групи за предучилишна возраст во рурални средини" е да придонесе во унапре- дувањето на услугите во воспитно- образовната дејност за децата со попреченост, а крајниот бенефит од неговото спроведување во општините го имаат децата со попреченост кои следат редовна настава во општинските училишта. На веб-страните на неколку општини низ државата, беа објавени јавни повици до евидентирани невработени лица за вклучува- ње во програмата Општинско-корисна работа, во соработка со УНДП и Агенцијата за вработување[1].

Странката се обратила до општината Илинден и до основното училиште, и ги образложила причините поради кои смета дека општината треба да се јави на повикот објавен од страна на УНДП. На нејзините дописи немаат одговорено ниту училиштето ниту општината, а странката нè информираше дека во неколку наврати усмено ѝ било одговорено од страна на градоначалникот дека не се исполнет- и условите за аплицирање на повикот на УНДП.

Основното образование е институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој поддржува инклузија на сите деца во редовното основно образование. Инклузивното образование вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, за учениците со попреченост. За поддршка на учењето за учениците со попреченост, согласно членот 19 од нашиот Закон за основното образование, основното училиште обезбедува: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма.

Имајќи го ова предвид, Комитетот се обрати до општината Илинден со барање за информации за начинот на кој се обезбедува поддршката во учењето на учениците со попреченост; дали бројот на ангажирани образовни и лични асистенти е соодветен на бројот на ученици со попреченост кои следат настава во училиштата; и, дали со постоечките кадри (образовни и лични асистенти) се остварува целта на инклузивното образование, односно, максималното развивање на потенцијалите и обезбедување еднакви образовни можности за сите деца.

[1] Јавен повик објавен на веб-страната на општина Неготино http://www.negotino.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1633%3A2019-08-05-11-32-09&catid=22%3A2011-01-24-14-16-37&Itemid=109&lang=mk&fbclid=IwAR0G2ay6n0aZD-gaccciiWbirBvWp6DDtIPjE0ZeQF89ikAMsYaySkYB_lU

### СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Жданов и други против Русија[2], Европскиот суд за човекови права утврди повреда на членот 6 став 1 (пристап до суд), на членот 11 (слобода на здружување) и на членот 14 (забрана за дискриминација) во врска со член 11 од Европската конвенција за човекови права.

Случајот се однесува на одбиеното барање, од страна на руските власти, за регистрација на три организации кои имаат за цел унапредување и заштита на правата на лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови (ЛГБТ) луѓе во Русија. Судот утврдил дека властите одбиле да ги регистрираат организациите на жалителите врз основа на тоа што тие ги промовираат правата на ЛГБТ луѓето. Според Судот, таа основа не може да биде разумно или објективно оправдана и, дотолку повеќе, претставува дискриминација врз основа на сексуална ориентација.

Во периодот помеѓу 2006 и 2011 година, четворицата жалители поднеле барање за регистрација на три организации. Првите две организации се фокусираат на борбата за ЛГБТ права, додека пак, третата била основана за развивање на спорт за ЛГБТ луѓето и за борба против хомофобијата. Надлежните органи за регистрација и домашните судови одбиле да ги регистрираат организациите поради формални неправилности во поднесените барања и поради тоа што целта на нивното основање е унапредување на ЛГБТ правата. Надлежните власти сметале дека оваа цел може да ги „уништи моралните вредности на општеството", што пак ќе доведе до намалување на популацијата и до загрозување на правата на мнозинството Руси за кои истополовите односи се навредливи. Судот утврдил дека одлуката на руските судови со која го одбиваат барањето за регистрација на организациите ја ограничуваат слободата на здружување на жалителите. Ставот на Судот е дека одбивањето да се регистрираат овие организации не соодветствува со намерата да се заштитат моралот, државната безбедност и јавната сигурност. Имено, Судот смета дека, во вакви околности, надлежните власти имаат обврска да преземат разумни и соодветни мерки со кои ќе им се овозможи на ваквите организации да ги извршуваат своите активности без страв од физичко насилство. Според Судот, надлежните власти одлучиле да го избегнат ризикот од можни нереди, преку ограничување на слободата на здружување на жалителите. Одбивање на барањето за регистрација на овие организации не е „неопходно во едно демократско општество", што за Судот претставува повреда на членот 11 од Конвенцијата.

Во своите претходни одлуки, Судот потенцирал дека разликувањето засновано единствено на сексуалната ориентација е неприфатливо согласно Европската конвенција. Од одлуките на руските судови јасно произлегува дека клучната основа за одбивање да се регистрираат трите организации е тоа што тие ги промовираат ЛГБТ правата. Имајќи го ова предвид, Судот одлучил дека жалителите претрпеле различен третман врз основа на сексуална ориентација, што е спротивно на член 14 во врска со член 11 од Конвенцијата.

[2] Жданов и други против Русија (application no. 12200/08, 35949/11 and 58282/12) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[22document%22],%22itemid%22:[%22001-194448%22]}

### РЕСУРСИ:

1. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Млади еврејски Европејци: перцепции и искуства на антисемитизам"

https://fra.europa.eu/en/publication/2019/discrimination-and-hate-crime-against-young-jews

2. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Миграција: Клучни проблеми во врска со фундаменталните права – квартален билтен 3"

https://fra.europa.eu/en/publication/2019/migration-overviews-july-2019

3. Еквинет „Телата за еднаквост се спротивставуваат на етничкото профилирање"

http://equineteurope.org/2019/07/25/equality-bodies-countering-ethnic-profiling/

4. Европска комисија – Европска мрежа на правни експерти за родова еднаквост и недискриминација „Преглед на европското законодавство за еднаквост 1 [2019]"

https://www.migpolgroup.com/wp-content/uploads/2019/07/EELN_Law_review_Issue1_2019_web.pdf

5. Мрежа за заштита од дискриминација „Извештај за имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација 2011-2018" –

http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2019/07/Diskriminacija_web.pdf

6. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), Институт за човекови права „Анализа на законскиот мандат на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и предусловите за транспарентност, отчетност и ефективност" –

https://www.esem.org.mk/pdf/Publikacii/2019/АНАЛИЗА%20на%20законскиот%20мандат%20на%20Комис.%20за%20спреч.%20и%20зашт.%20од%20дискрим..pdf

7. Мрежа за заштита од дискриминација „Посебните училишта ги сегрегираат учениците со попреченост и оневозможуваат еднакви шанси за развој и успех"

https://mhc.org.mk/news/posebnite-uchilishta-gi-segregiraat-uchenicite-so-poprechenost-i-onevozmozhuvaat-ednakvi-shansi-za-razvoj-i-uspeh/

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**